РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-931/2
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 6 - та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-931/1 од 28.02.2024 година, со наводи против Политичката партија „------------", за сомневања за незаконитости во изборниот процес во 2024 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-931/1 од 28.02.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 24.02.2024 година, преку електронската адреса на ДКСК, користејќи го образецот „Пријава за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за претседателски и парламентарни избори, 2024 година", поднесена е пријава со наводи против Политичка партија „-----------", со сомневања за незаконитости во изборниот процес во 2024 година. По пријавата е оформен предмет со број 12-931/1 од 28.02.2024 година.

Во доставената пријава, подносителот наведува дека наведената политичка партија предвремено ја започнала изборната кампања со поставување на штанд пред канцеларијата на Државната изборна комисија на РСМ во ----------- каде активисти на истата делеле флаери со ликот на кандидатот за Претседател од нивната политичка партија, ------------- -----------------.

По разгледувањето на пријавените наводи, ДКСК констатира дека во случајот, станува збор за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг орган. Имено, согласно член 69-а и член 31 став 2 алинеја 38 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021 и 58/2024), Државната изборна комисија го следи започнувањето и завршувањето на изборната кампања и презема мерки предвидени со овој Законик.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување за предметниот случај, друг орган е надлежен да постапува по пријавените наводи, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р К.З.
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- Архива
- Подносителот